Бр./Nr 12-3706/2

27-05-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 68-та седница одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-3706/1 од 13.04.2022 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пријавата да се достави на надлежно постапување до Министерство за внатрешни работи на РСМ.

Предметот со број 12-3706 од 2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3706/1 од 13.04.2022 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата се изнесени сомнежи на злоупотреби во материјално – финансиското работење од страна на ангажираните лица од ///. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

Со увидот во содржината на пријавата, ДКСК утврди дека во конкретниот случај пријавата не содржи елементи за нејзино надлежно постапување. Надлежен орган за постапување по наводите од пријавата е Министерството за внатрешни работи на РСМ.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. Д. Д.

Republika e Maqedonisë së Veriut — Република Северна Македонија — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — Скопје — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT — Shkup

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**